# Службен весник на Република Македонија

**Број 31** **27 февруари 2013, среда** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 842. | **Закон** за дополнување на Изборниот законик | 2 |
| 843. | **Закон** за евиденциите од областа на трудот (Пречистен текст) | 4 |
| 844. | **Правилник** за изменување на Правилникот за утврдување на висината на надоместокот на трошоците за закупнина на стан на вработените во Армијата на Република Македонија на кои не им е обезбедено користење на службен стан | 13 |
| 845. | **Одлука** за определување на вредност на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2013 година | 13 |
| 846. | **Методологија** за утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и начинот на нивното пресметување | 14 |
| 847. | **Правилник** за измена и дополнување на Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за обезбедување на поштенски услуги врз основа на општо овластување | 15 |
| 848. | **Решение** за издавање дозвола за вршење осигурително брокерски работи | 16 |
| | **Огласен дел** | 1-32 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**842.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2013 година.

Бр. 07-1073/1
26 февруари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11 и 142/12), по Главата XIV. КАЗНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ се додава нова Глава XIV-а и пет нови члена 191-а, 191-б, 191-в, 191-г и 191-д, кои гласат:

„XIV-а. ДОПОЛНИТЕЛНИ ЛИСТИ

Член 191-а

За поднесување на листи на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалник од страна на регистрирани политички партии или коалиции се определува дополнителен рок најдоцна до 3 март 2013 година.

Член 191-б

(1) Општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје по приемот на листата на кандидати за членови на совет и листа на кандидати за градоначалник утврдува дали истата е поднесена во утврдениот дополнителен рок од членот 191-а од овој законик и дали е составена во согласност со одредбите од овој законик.

(2) Ако општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје утврди дека во листата од ставот (1) на овој член има одделни неправилности, ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата, да ги отстранат неправилностите во рок од пет часа од приемот на листите.

(3) Ако општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје утврди дека листата од ставот (1) на овој член е поднесена во определениот дополнителен рок и е составена во согласност со одредбите од овој законик, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листата ги отстраниле во рокот утврден во ставот (2) на овој член, поднесената листа ќе ја потврди со решение.

(4) Ако општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје утврди дека листите од ставот (1) на овој член се поднесени ненавремено, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листите не ги отстраниле во рокот утврден во ставот (2) на овој член, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од шест часа од приемот на листите.

(5) Против решението на општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје од ставот (4) на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд, преку Државната изборна комисија во рок од шест часа од приемот на решението.

(6) Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од шест часа од приемот на тужбата.

(7) Доставување на приговор и тужба по пошта не е дозволено.

Член 191-в

Општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје потврдените листи на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалник доставени во дополнителниот рок од членот 191-а од овој закон, во рок од еден час ги доставува до Државната изборна комисија заради дополнително утврдување на редоследот на веќе утврдената единствена листа на кандидати за спроведување на редовни избори за членови на совет и градоначалник кои ќе се одржат на 24 март 2013 година согласно со овој законик.

Член 191-г

Општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје дополнително утврдените единствени листи на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалник ќе ги огласи веднаш по утврдувањето на дополнителната единствена листа на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалник од страна на Државната изборна комисија во сите населени места и на избирачките места во општината.

Член 191-д

(1) Подносителите на дополнително потврдените листи на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалник согласно со овој законик, се должни да обезбедат ЕДБ и да ја отворат трансакциската сметка согласно со членот 71 од овој законик, најдоцна 12 часа по потврдувањето на листата за кандидати и во тој рок од 12 часа доказот за обезбеден ЕДБ и отворена трансакциона сметка се доставува до надлежната изборна комисија.

(2) Ако подносителите на дополнително потврдените листи на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалник не обезбедат ЕДБ и не отворат трансакциска сметка во рокот од ставот (1) на овој член потврдената листа на кандидати се поништува со решение на надлежната изборна комисија.“

Член 2

Преземените изборни дејствија во роковите утврдени согласно со Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11 и 142/12), за спроведување на редовни избори за членови на совет и градоначалник кои ќе се одржат на 24 март 2013 година, до денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат во сила.

Поднесените, потврдените и ждребуваните листи на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалник до денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат во сила.

Член 3

Одредбите од членот 1 од овој закон со кој се дополнува нова Глава XIV-а и пет нови члена 191-а, 191-б, 191-в, 191-г и 191-д во Изборниот законик ќе се применуваат само за првите редовни избори за членови на совет и градоначалник кои ќе се одржат по влегувањето во сила на овој закон на 24 март 2013 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR PLOTESIMIN E KODIT ZGJEDHOR**

Neni 1

Në Kodin zgjedhor ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 40/2006, 136/2008, 148/08, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11 dhe 142/12), pas Kapitullit XIV. DISPOZITA NDESHKUESE DHE KUNDERVAJTESE shtohet Kapitull i ri XIV-a dhe pese nene të reja 191-a, 191-b, 191-v, 191-g dhe 191-d si vijojne:

"XIV-a. LISTA PLOTESUESE

Neni 191-a

Për parashtrimin e listave të kandidateve për anetare të keshillit dhe listave të kandidateve për kryetar të komunes nga partite e regjistruara politike ose koalicionet percaktohet afat plotesues më së voni deri më 3 mars 2012.

Neni 191-b

(1) Komisioni Zgjedhor Komunal respektivisht Komisioni Zgjedhor i Qytetit të Shkupit pas pranimit të listes së kandidateve për anetare të keshillit dhe listes së kandidateve për kryetar të komunes konstaton nese e njejta eshte parashtruar në afatin plotesues të percaktuar nga neni 191-a të ketij kodi dhe nese eshte perpiluar në pajtim me dispozitat e ketij kodi.

(2) Nese Komisioni Zgjedhor Komunal respektivisht Komisioni Zgjedhor i Qytetit të Shkupit konstaton se në listen nga paragrafi (1) i ketij neni ka parregullsi të caktuara, do ta thirr perfaqesuesin e autorizuar të parashtruesit të listes, që t'i menjanojne parregullsite në afat prej pese oresh nga pranimi i listave.

(3) Nese Komisioni Zgjedhor Komunal, respektivisht Komisioni Zgjedhor i Qytetit të Shkupit konstaton se lista nga paragrafi (1) i ketij neni eshte parashtruar në afatin e percaktuar plotesues dhe eshte perpiluar në pajtim me dispozitat e ketij kodi, respektivisht parregullsite ose leshimet e konstatuara parashtruesit e listes i kane menjanuar në afatin e percaktuara në paragrafin (2) të ketij neni, listen e parashtruar do ta vertetoje me aktvendim.

(4) Nese Komisioni Komunal Zgjedhor, respektivisht Komisioni Zgjedhor i Qytetit të Shkupit konstaton se listat nga paragrafi (1) i ketij neni jane parashtruar jo në kohe të duhur, respektivisht parregullsite ose leshimet e konstatuara parashtruesit e listave nuk i kane menjanuar në afatin e percaktuar në paragrafin (2) të ketij neni, listen e parashtruar do ta hedh poshte me aktvendim në afat prej gjashte oresh nga pranimi i listave.

(5) Kunder aktvendimit të Komisionit Zgjedhor Komunal, respektivisht Komisionit të Qytetit të Shkupit nga paragrafi (4) i ketij neni mund të paraqitet padi në Gjykaten Administrative, permes Komisionit Shteteror Zgjedhor në afat prej gjashte oresh nga pranimi i aktvendimit.

(6) Gjykata Administrative eshte e obliguar që të marre vendim në afat prej gjashte oresh nga pranimi i padise.

(7) Dorezimi i ankeses dhe padise me poste nuk lejohet.

Neni 191-v

Komisioni Zgjedhor Komunal, respektivisht Komisioni Zgjedhor i Qytetit të Shkupit listat e vertetuara të kandidateve për anetare të keshillit dhe listat e kandidateve për kryetar të komunes, të dorezuara në afatin plotesues nga neni 191-a të ketij ligji, në afat prej një ore i dorezon te Komisioni Shteteror Zgjedhor për vertetim plotesues të radhitjes së listes unike tanime të percaktuar të kandidateve për realizimin e zgjedhjeve të rregullta për anetare të keshillit dhe kryetar të komunes që do të mbahen më 24 mars 2013 në pajtim me kete kod.

Neni 191-g

Komisioni Zgjedhor Komunal, respektivisht Komisioni Zgjedhor i Qytetit të Shkupit listat plotesuese të vertetuara të kandidateve për anetare të keshillit dhe listat e kandidateve për kryetar të komunes, do t'i shpalle menjehere pas percaktimit të listes unike plotesuese të kandidateve për anetare të keshillit dhe listave të kandidateve për kryetar të komunes, nga Komisioni Shteteror Zgjedhor në të gjitha vendbanimet dhe vendvotimet në komune.

Neni 191-d

(1) Parashtruesit e listave të percaktuara në menyre plotesuese të kandidateve për anetare të keshillit dhe listave të kandidateve për kryetar të komunes sipas ketij kodi, obligohen që të sigurojne NUT dhe ta hapin llogarine e transaksionit në pajtim me nenin 71 të ketij kodi, më së voni 12 orë pas vertetimit të listes për kandidate dhe në kete afat prej 12 oresh deshmia për NUT të siguruar dhe llogarine e hapur të transaksionit dorezohet te komisioni kompetent zgjedhor.

(2) Nese parashtruesit e listave të vertetuara në menyre plotesuese të kandidateve për anetare të keshillit dhe listave të kandidateve për kryetar të komunes nuk sigurojne NUT dhe nuk hapin llogari të transaksionit në afatin nga paragrafi (1) i ketij neni, lista e vertetuar e kandidateve anulohet me aktvendim të komisionit kompetent zgjedhor."

Neni 2

Veprimet e ndermarra zgjedhore në afatet e percaktuara sipas Kodit zgjedhor ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11 dhe 142/12), për realizimin e zgjedhjeve të rregullta për anetare të keshillit dhe kryetar të komunes që do të mbahen më 24 mars 2013 deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji, mbeten në fuqi.

Listat e paraqitura, të vertetuara dhe të nxjerra me short të kandidateve për anetare të keshillit dhe të kandidateve për kryetar të komunes deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji, mbeten në fuqi.

Neni 3

Dispozitat e nenit 1 të ketij ligji me të cilat plotesohet Kapitulli i ri XIV-a dhe pese nenet e reja 191-a, 191-b, 191-v, 191-g dhe 191-d në Kodin zgjedhor do të zbatohen vetem për zgjedhjet e para të rregullta për anetare të keshillit dhe kryetar të komunes që do të mbahen pas hyrjes në fuqi të ketij ligji më 24 mars 2013.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në diten e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

# ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**843.**

Врз основа на член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденциите од областа на трудот („Службен весник на Републикка Македонија“ бр. 166/12), Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 февруари 2013 година, го утврди Пречистениот текст на Законот за евиденциите од областа на трудот.

Пречистениот текст на Законот за евиденциите од областа на трудот ги опфаќа: Законот за евиденциите од областа на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04), Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен весник на Републикка Македонија“ бр. 102/08), Законот за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен весник на Републикка Македонија“ бр. 17/11), Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен весник на Републикка Македонија“ бр. 166/13), Исправка на Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/13) во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

Бр. 10-532/2
26 февруари 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Законодавно-правната
комисија на Собранието
на Република Македонија,
**Малиша Станковиќ**,с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОТ
## (Пречистен текст)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува воспоставувањето на евиденциите во областа на трудот и начинот на нивното водење.

Во областа на трудот се воспоставуваат евиденции што содржат податоци од интерес за Република Македонија и тоа:

1. Евиденција на работодавачите;

1-а. Евиденција на корисници на јавни средства од Агенцијата за вработување;

2. Евиденција за вработените работници;

3. Евиденција за потребата од работници;

4. Евиденција на невработените лица и други лица кои бараат работа;

5. Евиденција за плати;

6. Евиденција за повредите при работа;

7. Евиденција за штрајкови;

8. Евиденција за државјаните на Република Македонија на работа во странство;

9. Евиденција за понудата на странски работодавачи за вработување на државјани од Република Македонија во странство;

10. Евиденција за странски државјани и лица без државјанство вработени во Република Македонија;

11. Евиденција за осигурениците и за осигурените лица од здравственото осигурување;

12. Евиденција на членовите на семејството на државјани на Република Македонија на работа во странство-корисници на здравствена заштита и

13. Евиденција за корисниците на права од инвалидското осигурување.

Евиденција која содржи податоци од интерес за Република Македонија е и матичната евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување која се уредува со закон.

Член 2

Евиденцијата за вработените работници, евиденцијата за потребите од работници, евиденцијата за платите, евиденцијата за повредите при работа и евиденцијата за корисниците на права од инвалидското осигурување, ја водат работодавачите.

Евиденцијата на работодавачите, евиденција на корисници на јавни средства од Агенцијата за вработување, евиденцијата за невработените лица и други лица кои бараат работа, евиденцијата за потребите од работници, евиденцијата за државјаните на Република Македонија на работа во странство, евиденцијата на понудите на странски работодавачи за врабтување на државјани од Република Македонија во странство, евиденција за странски државјани и лица без државјанство вработени во Република Македонија, ја води Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција).

Евиденцијата за осигуренците и за осигурените лица од здравствено осигурување ја води Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Евиденцијата за штрајковите на работниците ја води работодавачот и асоцијацијата на мнозинскиот синдикат.

Евиденцијата за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување ја води Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на начин утврден со закон.

Кои од евиденциите од ставот 1 на овој член ќе се водат, во областа на одбраната и внатрешните работи и условите и начинот на користење на податоците од овие евиденции, пропишува надлежниот министер.

Член 3

Заради обезбедување на единствен начин на водењето на евиденциите воспоставени со овој закон, се применуваат единствени методолошки принципи и статистички стандарди.

Член 4

Податоците содржани во евиденциите утврдени со овој закон, можат да се користат за статистички истражувања и за други службени потреби.

Податоците содржани во евиденциите утврдени со овој закон можат да ги користат и поединци на кои се однесуваат тие податоци, заради остварување на своите права.

Податоците содржани во евиденциите утврдени со овој закон, можат да бидат предмет на размена меѓу институциите и државните органи за извршување на нивните со закон утврдени надлежности.

Меѓусебните односи и размената на податоците од ставот 3 на овој член, се уредуваат со договор.

Член 5

Податоците и промената на податоците во евиденциите утврдени со овој закон, задолжително се внесуваат во пропишани рокови.

### II. ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ

#### 1. Евиденција на работодавачите

Член 6

Евиденцијата на работодавачите ги содржи следниве податоци:

- назив на работодавачот;

- назив и даночен број на работодавачот (ако е основач физичко лице);
- седиште и адреса (општина, населено место, улица и број);
- единствен матичен број на работодавачот;
- број на деловниот субјект;
- шифра и назив на претежната дејност;
- вид на сопственост;
- број на вработени и
- датум на отпочнување и престанок на вршење на дејноста.

Покрај податоците од ставот 1 на овој член, работодавач кој има деловни единици во состав, ги води и следниве податоци за секоја деловна единица:
- назив на деловната единица;
- реден број на деловните единици;
- седиште на деловната единица (општина, населено место, улица и број) и
- шифра и назив на претежната дејност.

**1-а. Евиденција на корисници на јавни средства од Агенцијата за вработување**

Член 6-а

Евиденцијата на корисници на јавни средства од Агенцијата за вработување, ги содржи следните податоци:
1) име и презиме;
2) датум на раѓање;
3) пол;
4) единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ);
5) даночен број на лиценцираните агенции и спроведувачите на активните мерки за вработување;
6) адреса на постојано или привремено живеалиште (во други земји и државен код);
7) државјанство;
8) статус (ученик во средно образование, студент, вработен, самовработен, пензионер, земјоделец – доколку лицето се изјасни);
9) припадност на етничка заедница;
10) број на трансакциска сметка;
11) број на телефон и електронска пошта за контакт;
12) образование, стручни квалификации, вештини, доквалификации и работно искуство;
13) работоспособност и ограничувања;
14) осигурителен период;
15) период на вработување;
16) регистрирано име и седиште или име и адреса на деловниот субјект;
17) регистарски број на деловниот субјект;
18) даночен број на деловниот субјект;
19) име и презиме на одговорното лице во деловниот субјект;
20) правен основ за исплата на средствата (договор, налог за набавка и друго;
21) износ и намена на платени средства;
22) датум на надзорот;
23) барања за поврат на неправедно примени и користени износи и начин на поврат;
24) датум на барање за поврат;
25) жалби;
26) почеток и крај на судска постапка во која засегнатото лице е странка во врска со примена на одредбите од овој закон (вид судска постапка, предмет на спор, упатен број и известување за исходот од судењето) и
27) информација за редовноста на исплатата на платите и уплатите на придонесите од задолжително социјално осигурување од работодавачот.

**2. Евиденција за вработените работници**

Член 7

Во евиденцијата за вработените работници се водат податоци за секој работник кој е во работен однос.

Член 8

Евиденцијата за вработените работници ги содржи следниве податоци:
1) име, презиме и татково име на работникот;
2) единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)
3) ден, месец и година на раѓање,
4) место на раѓање (општина, населено место и држава);
5) пол (машки-женски);
6) живеалиште и адреса (општина, населено место, улица и број и држава);
7) припадност на заедниците;
8) место на работа (општина, населено место, улица и број, држава);
9) степен и вид на завршено образование (без образование, основно училиште, средно училиште, више, факултет, магистри и доктори на науки);
10) степен на стручна подготовка, (НКВ, ПКВ, КВ, ВКВ, ССО за занимање):
- завршени програми за стручно оспособување (обука, доквалификација и преквалификација ) и
- посебни знаења и способности (компјутерски способности, знаење на странски јазици и други вештини);
11) шифра и опис на занимање;
12) работно време на работникот (полно работно време или скратено);
13) стаж на осигурување до стапување на работа кај работодавачот;
14) траење на работниот однос:
- на неопределено време и
- на определено време;
15) дали е трудов инвалид;
16) датум на заснование на работниот однос;
17) датум на престанок на работниот однос;
18) основа за престанок на работниот однос;
19) шифра и назив на претежната дејност на работодавачот;
20) назив на работодавачот;
21) седиште на работодавачот и
22) број на деловниот субјект.

Во случаите кога работникот работи во деловна единица во состав на деловниот субјект – работодавач се водат и податоци за:
- назив на деловната единица;
- реден број на деловните единици;
- седиште на деловната единица (општина, населено место, улица и број) и
- шифра и назив на претежната дејност.

Член 9

Евиденцијата за вработените работници за определен работник почнува да се води со денот на заснованието на работниот однос, а престанува да се води со денот на престанокот на работниот однос.

Податоците за работникот за кого ќе престане да се води евиденцијата за вработените работници се чуваат како документ од трајна вредност.

Член 10

Во евиденцијата за вработените работници од членот 2 став 6 на овој закон се внесуваат и податоците што ќе ги пропише министерот за одбрана, односно министерот за внатрешни работи.

Член 11

Работникот е должен сите промени на податоците што во евиденцијата за вработените работници се внесени врз основа на негова изјава или на лични исправи да ги пријави на работодавачот во рок од 15 дена од денот на настапувањето на промената, ако работодавачот не е известен на друг начин.

**3. Евиденција за потребата од работници**

Член 12

Во евиденцијата за потребата од работници се водат податоци за работите што треба да ги извршува работникот за кого искажал потреба работодавачот.

Член 13

Во евиденцијата за потребата од работник, податоците се внесуваат врз основа на пријава за потреба од работник, што работодавачот ја доставува до Агенцијата заради обезбедување работници со посредување на Агенцијата.

Пријавата од ставот 1 на овој член ги содржи особено податоците од членот 14 на овој закон.

Член 14

Евиденцијата за потребата од работници особено ги содржи следниве податоци:

1) назив на работодавачот;

2) седиште и адреса на работодавачот (општина, населено место, улица и број);

3) број на деловниот субјект-подносител на пријавата за потребата од работници;

4) шифра и назив на претежната дејност на работодавачот, односно на деловната единица;

5) единствен даночен број на работодавачот;

6) опис на работите што треба работникот да ги врши;

7) дали на работодавачот му е потребен работник без или со статус на приправник;

8) работниот однос се заснова:

- на неопределено време и

- на определено време;

9) степен и вид на завршено образование (без образование, основно училиште, средно училиште, више, факултет, магистри и доктори на наука);

10) степен на стручна подготовка (НКВ, ПКВ, КВ, ВКВ. ССО, за занимање);

- завршени програми за стручно оспособување (обука, доквалификација и преквалификација) и

- посебни знаења и способности (комјутерски способности, знаење на странски јазици и други вештини);

11) шифра и опис на занимање;

12) работно искуство и

13) начин на кој ќе се обезбеди потребата од работник.

Член 15

Пријавата за потреба од работник работодавачот ја доставува до Агенцијата на пропишан образец и начин.

Член 16

Ако работодавачот заснова работен однос со работник, должен е веднаш на Агенцијата да му достави пријава за засновање на работен однос и осигурување, а во рок од осум дена од денот на престанокот на работниот однос, да достави одјава од осигурување.

Член 17

Пријавата за засновање на работен однос и осигурување ги содржи особено следниве податоци:

1) назив на работодавачот;

2) единствен матичен број на работодавачот и реден број на деловната единица;

3) ден, месец и година на засновање на работниот однос;

4) начин на засновање на работниот однос на работникот:

- со огласување на јавен оглас во дневниот печат од страна на работодавачот,

- со посредување на Агенцијата,

- со објавување во Агенцијата или

- со посредување на агенција за посредување при вработување,

5) засновање на работен однос на:

- неопределено време или

- определено време.

**4.Евиденција на невработените лица и други лица кои бараат работа**

Член 18

Евиденцијата на невработените лица и други лица кои бараат работа ги содржи следните податоци:

1) име и презиме;

2) датум на раѓање;

3) пол;

4) единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ);

5) даночен број на лиценцираните агенции и спроведувачите на активните мерки за вработување;

6) адреса на постојано или привремено живеалиште (во други земји и државен код);

7) државјанство;

8) статус (ученик во средно образование, студент, вработен, самовработен, пензионер, земјоделец – доколку лицето се изјасни);

9) припадност на етничка заедница;

10) број на трансакциска сметка;

11) број на телефон и електронска пошта за контакт;

12) образование, стручни квалификации, вештини, доквалификации и работно искуство;

13) работоспособност и ограничувања;

14) осигурителен период и

15) период на вработување.

Евиденцијата на невработените лица покрај податоците од став 1 на овој член, содржи податоци и за:

1) пријавување, водење во евиденцијата и бришењето од евиденцијата;

2) причината за бришење од евиденцијата;

3) исполнување на обврски кои произлегуваат од статусот невработено лице (известување, упатување, исполнување на други обврски);

4) основ за надоместок во случај на невработеност;

5) период и висина на надоместокот по основ на невработеност;

6) вид и висина на надоместоци по основ на невработеност;

7) период во кој се прима социјална парична помош од центарот за социјални работи;

8) вид, времетраење и давател на услугата, утврден со овој закон;

9) барање за поврат на неправедно примени средства и начинот на поврат;

10) жалби и

11) почеток и крај на судска постапка во која засегнатото лице е странка во врска со примена на одредбите од овој закон (вид судска постапка, предмет на спор, упатен број, известување за исходот од судењето).

Евиденцијата на лица со привремена неможност за вработување покрај податоците од став 1 на овој член, содржи податоци и за:

1) пријавување, водење во евиденцијата и бришење од евиденцијата;

2) причини за бришење од евиденцијата;

3) период на оневозможеност за вработување;

4) датум на разгледување на неможноста за вработување од надлежен орган согласно со закон и

5) предлог – мерки на надлежниот орган за утврдување на привремена неможноста за вработување.

Евиденцијата на лица кои учествуваат во активни програми и мерки за вработување, покрај податоците од став 1 на овој член, содржи податоци и за:

1) пријавување, водење во евиденцијата и бришење од евиденцијата;

2) причини за бришење од евиденцијата;

3) вид, времетраење и спроведувач на активната мерка;
4) припадност на одредена целна група;
5) потрошени финансиски средства;
6) успешност на спроведната програма;
7) исполнување на договорните обврски од страна на учесникот во активната мерка;
8) барање за поврат на неправилно искористени средства и начин на поврат;
9) жалби и
10) почеток и крај на судска постапка во која засегнатото лице е странка во врска со примена на одредбите од овој закон (вид судска постапка, предмет на спор, упатен број, известување за исходот од судењето).

Евиденцијата на други лицата кои бараат работа, покрај податоците од став 1 на овој член, содржи податоци и за:
1) пријавување, водење во евиденција и бришење од евиденција;
2) причини за бришење од евиденција;
3) вид, времетраење и давател на услугата, утврден со овој закон;
4) вид и висина на парични надоместоци на кои има право лицето кое бара работа, според одредбите од овој закон;
5) за лица кои бараат работа, а чиј работен однос е во опасност, име и издавач на документот со кој се потврдува дека работниот однос на работникот е во опасност (деловен план на работодавачот, програми за технолошки вишок, одлука за престанок на работниот однос од деловни причини (технолошки, економски, организациони и сл.), известување од ликвидаторот или стечајниот управник за временскиот период во којшто се планира на работникот да му престане работниот однос од деловни причини) и
6) за лицата во работен однос на определено време кои бараат работа, а чиј работен однос е во опасност, датум на истекување на важноста на договорот на определено време.

Евиденцијата на други лица кои бараат работа поради загрозено вработување, покрај податоците од став 1 на овој член содржи податоци и за:
1) име, назив на издавачот на документот со кој се потврдува дека работниот однос е во опасност (деловен план на работодавачот, програма или одлука за престанок на работниот однос од деловни причини, известување од стечајниот управник или ликвидаторот за временскиот период во кој се планира работникот да стане технолошки вишок) и
2) за лицата во работен однос на определено време кои бараат работа, а чиј работен однос е во опасност, датумот на истекување на важноста на договорот на определено време.

Член 19

Евиденцијата на невработеното лице и на други лица кои бараат работа се води, престанува да се води и пријавата на промената на податоци се врши согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

**5. Евиденција за платите**

Член 20

Во евиденцијата на работодавачот за платите се внесуваат податоци за: работното време, бруто платите, нето платите, најниската плата, надоместоците на платите и другите примања на работникот од средства на работодавачот и други надоместоци на плата остварени на товар на друг работодавач.

Работодавач кој има деловни единици во својот состав, податоците од ставот 1 на овој член покрај вкупно на ниво на работодавач, ги води и по деловни единици.

Член 21

Евиденцијата за платите од членот 20, покрај податоците од членот 8 точка 1 и 2, точки 9 до 13 и точка 19 на овој закон, ги содржи и следниве податоци:
а) податоци за работното време на работникот и за користење на работното време и тоа:
1) можен број на работни часови, и тоа за:
- полно работно време и
- скратено работно време
2) вкупно остварени работни часови, и тоа за:
- полно работно време и
- скратено работно време;
3) неизвршени часови за кои се прима надомест на плата од средствата и работодавачот за:
- привремена спреченост за работа, според прописите на здравственото осигурување,
- стучно образование и усовршување и
- прекин на работа поради штрајк;
4) вкупно неизвршени часови за кои се прима надомест од средствата на друг работодавач;
5) вкупно неизвршени часови за кои се прима надомест на плата од средствата на здравственото осигурување, и тоа за:
- часови за привремена спреченост за работа поради болест, повреда и други причини;
- часови на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и
- работа со половина од полното време на родителот со потешко хендикепирано дете;
6) неизвршени часови за кои не се прима надомест на плата и
7) часови на работа подолго од полното работно време:
б) податоци за бруто платите на работникот:
1) исплатена бруто плата од тоа за работа со:
- полно работно време;
- скратено работно време и
- подолго од полното работно време;
2) бруто плата од добивка;
3) исплатена нето плата, од тоа за работа со:
- полно работно време;
- скратено работно време и
- подолго од полното работно време;
4) најниска бруто и нето плата;
5) надоместоци на плата и тоа од:
- средства на работодавачот и
- средства на друг работодавач;
6) надоместоци и други примања на работоникот од средствата на работодавачот од тоа за:
- регрес за годишен одмор,
- регрес за исхрана,
- трошоци за превоз до работа и од работа,
- испратнина,
- отпремнина при заминување во пензија и
- солидарна помош;
в) податоци за платените придонеси и даноци од плата;
г) податоци за работите на работното место што работникот ги вршел, а за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење;
1) број на часови на работа, за работи на работното место за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење;
2) број на часови на работа, за работи на работното место на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење врз основа на посебното својство на осигуреникот и
3) стапка на зголемување.

Член 22

Евиденцијата за платите за секој работник почнува да се води со денот на засновањето на работниот однос, а престанува да се води со денот на престанокот на работниот однос.

Податоците за работникот за кој ќе престане да се води евиденција се чуваат како документ од трајна вредност.

**6. Евиденција за повредите при работа**

Член 23

Во евиденцијата за повредите при работа се внесуваат податоци за повредите на работниците при работата, во смисла на прописите за пензиското и инвалидското осигурување и прописите за заштита при работа.

Член 24

Во евиденцијата за повредите при работа, податоците се внесуваат најдоцна во рок од три дена од денот кога настанала повредата.

Член 25

Евиденцијата за повредите при работа покрај податоците од членот 8 точки 1 до 14 и точка 21 на овој закон, ги содржи и следниве податоци.

а) податоци за повредениот работник:

1) работа што работникот ја вршел во моментот кога настанала повредата при работа;

2) колку часови работникот работел на денот кога настанала повредата при работа;

3) дали работникот порано претрпел повреда при работа и колку пати;

4) природа на повредата;

5) повреден дел на телото;

6) дали повредата е смртоносна и

7) основа за осигурување;

б) податоци за повредата при работа:

1) кога се случила несреќата:

- ден, месец и година;

- ден во неделата и

- време во денот;

2) каде настанала несреќата:

- на местото на вршењето на работите, односно на работните задачи,

- на редовниот пат од станот до постојаното место на работа,

- на редовниот пат од постојното место на работа до станот,

- на службен пат и

- друго;

3) колку вкупно лица се повредени во повредата при работа (заедно со загинатите);

4) колку лица загинале на местото на несреќата, односно умреле на патот до здравствената организација;

5) дали слична несреќа настанала порано на истото работно место и на истата работа;

6) извор на несреќата;

7) причини за несреќата;

8) дали е утврдено дека работникот на работното место бил загрозен и

9) користење на личните заштитни средства:

- дали е наредено користење на личните заштитни средства и личната заштитна опрема.

- дали се користени личните заштитни средства и личната заштитна опрема.

- дали се применети општите и посебните мерки за заштита при работа и

- дали биле обезбедени сите потребни лични заштитни средства и заштитна опрема.

**7. Евиденција за штрајкови**

Член 26

Евиденцијата за штрајковите ги содржи следниве податоци:

- назив на работодавачот;

- седиште и адреса (општина, населено место, улица и број);

- шифра и назив на претежната дејност;

- број на вработени;

- време на отпочнување и завршување на штрајкот;

- кој синдикат го организирал штрајкот;

- дали штрајкот е организиран на ниво на работодавач или во одделна деловна единица кај работодавачот;

- дали штрајкот бил претходно најавен и колку дена пред одржување на штрајкот е најавен;

- дали пред одржување на штрајкот му предходеле преговори за спогодбено решавање на спорот;

- колку работници учествувале во штрајкот и

- кои барања се изнесени на штрајкот.

Член 27

Евиденцијата за штрајковите ја води работодавачот кај кого се случува штрајкот и асоцијацијата на мнозинскиот синдикат.

Член 28

Работодавачот води евиденција за штрајк организиран кај работодавачот и податоците од оваа евиденција ги доставува еднаш годишно до асоцијацијата на мнозинскиот синдикат и до Државниот завод за статистика.

Асоцијацијата на мнозинскиот синдикат води единствена евиденција за сите штрајкови во Република Македонија.

**8. Евиденција за државјаните на Република Македонија на работа во странство**

Член 29

Во евиденцијата за државјаните на Република Македонија вработени во странство се внесуваат податоци за државјаните на Република Македонија кои отишле на работа во странство со или без посредување на Агенцијата и податоци за работниците кои работодавачите ги упатуваат на работа во странство, заради изведување на инвестициони работи во странство, односно врз основа на деловно техничка соработка со странски деловни партнери.

Член 30

Евиденцијата за државјаните на Репбулика Македонија на работа во странство содржи:

а) податоци за работникот на работа во странство:

1) име, татково име и презиме;

2) единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ);

3) ден, месец и година на раѓање;

4) место на раѓање (општина, населено место, држава);

5) степен и вид на завршено образование;

6) стручна подготовка;

7) шифра и вид на занимање;

8) дали ја регулирал воената обврска;

9) дали има странско државјанство, чие и од кога;

10) последно живеалиште во Република Македонија (општина, населено место, улица и број);

11) ден, месец и година на заминување на работа во странство;

12) ден, месец и година на враќање од работа во странство;

13) време поминато на работа во странство;

14) ден, месец и година на пријавата за осигурување кај странскиот носител на социјално осигурување (здравствено, пензиско и инвалидско и вработување);

15) ден, месец и година на одјавата на осигурувањето кај странскиот носител на социјалното осигурување и

16) припадност на заедница:

б) податоци за посредување при вработување во Република Македонија:

1) дали работникот сака Агенцијата да посредува заради вработување во Република Македонија;

2) какво вработување бара;
3) каде бара вработување;
- само во местото на живеење и
- надвор од местото на живеење (во друга држава);
4) работа за чие вршење се оспособил со работа во странство;
5) степен на стручната подготовка што ја стекнал со работа во странство;
6) стручно образование со кое се здобил во странство;
7) степен на образовение со кое се здобил во странство и
8) датум на вработување во Република Македонија.

Член 31

Евиденцијата на државјаните на Република Македонија на работа во странство, почнува за одделно лице да се води со денот на неговото упатување на работа во странство, односно со пријавувањето на одењето на работа во странство до Агенцијата, а престанува да се води со денот на пријавувањето на враќањето од работа во странство во случај на отпуст од државјанството на Република Македонија, пензионирање или смрт.

Член 32

Заради водење на евиденција на државјаните на Република Македонија вработени во странство, должни се:
а) државјанинот
1) кој заминува на работа во странство, без посредување на Агенцијата, во рок од осум дена пред заминувањето, да се пријави во надлежниот Агенција, заради давање податоци за вработување во странство;
2) кој се враќа од работа во странство – најдоцна во рок од 30 дена од денот на враќањето, да се пријави во Агенцијата, заради давање на податоци за враќање од работа во странство и
3) кој се наоѓа на работа во странство, а сака Агенцијата да му посредува заради вработување во Република Македонија, да поднесе до Агенцијата писмена пријава за поседување при вработување во Република Македонија и
б) работодавач
1) кој упатува свои работници на работа во странство, да поднесе до Агенцијата, во рок од осум дена пред денот на заминувањето на работникот, писмена пријава за упатување на работникот на работа во странство и
2) чии работници се враќаат од работа во странство, да достави до Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на враќањето, писмен извештај за враќање на работникот од работа во странство.

Органот, освен дипломатското или конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, кој е надлежен за издавање, односно за продолжување на рокот на важење на патната исправа, за државјанин на Република Македонија на работа во странство, кој ќе поднесе барање за издавање на патна исправа, односно барање за продолжување на рокот на важење на патната исправа или за издавање виза, примерок од барањето (препис, копија или фотокопија) е должен да достави на Агенцијата во рок од 15 дена од приемот на барањето.

Член 33

Дипломатското или конзуларното претставништво на Република Македонија, на кое му е поднесено барањето од членот 32 став 2 на овој закон, примерок од барањето доставува до органот на државната управа надлежен за внатрешни работи.

Орган на државната управа надлежен за внатрешни работи, примерок од барањето од членот 32 став 2 на овој закон, што го примил од дипломатското или од конзуларното претставништво на Република Македонија, должен е да го достави на Агенцијата во рок од 30 дена од приемот.

Агенцијата е должен примероците на барањето од ставовите 1 и 2 на овој член да им ги достави на увид на Фондот за здравствено осигурување и на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, на нивно барање.

Член 34

Пријавата за посредување при вработување во Република Македонија (член 32 под а) точка 3), ги содржи податоците од членот 30 под а) точки 1 до 11 и податоците под б) точки 1 до 8 на овој закон.

Член 35

Пријавата, односно извештајот од членот 32 под б) на овој закон ги содржи, следниве податоци:
1) назив на работодавачот кој ја поднесува пријавата, односно извештајот;
2) место и адреса на работодавачот;
3) шифра и назив на претежната дејност на работодавачот;
4) вкупен број на работниците вработени кај работодавачот, на денот на поднесувањето на пријавата, односно на извештајот;
5) основа по која работниците се упатуваат, односно основа по која биле упатени на работа во странство (изведување на инвестициони работи, деловно-техничка соработка и друго) и
6) вкупен број на работниците кои се упатуваат на работа во странство, односно кои се враќаат од работа во странство, според работниот стаж кај работодавачот.

При доставувањето на пријавата од членот 32 под б) точка 1 на овој закон, работодавачот кој упатува свои работници на работа во странство, ги доставува до Агенцијата за секој одделен работник и податоците од членот 30 под а) точки 1 до 11 на овој закон.

При доставувањето на извештајот од членот 32 под б) точка 2 на овој закон, работодавачот чии работници се враќаат од работа во странство, доставува до Агенцијата и список на работниците кои се вратиле од работа во странство.

**9. Евиденција за понудите на странски работодавачи за вработување на државјани на Република Македонија во странство**

Член 36

Во евиденцијата за понудите на странски работодавачи за вработување на државјани на Република Македонија во странство, се внесуваат податоци за понудите за вработување на државјани на Република Македонија во странство што ги доставуваат странските работодавачи.

Член 37

Евиденцијата за понудите на странски работодавачи за вработување на државјани на Република Македонија во странство ги содржи следниве податоци:
1) датум на приемот на понудата;
2) држава во која се наоѓа странскиот работодавач;
3) назив и адреса на странскиот работодавач;
4) дејност на странскиот работодавач;
5) број на работниците, според стручна подготовка и вид на занимање.
6) што странскиот работодавач ги бара;
7) видот на работите што треба да ги врши работникот;
8) времето на вршење на работите во странство;
9) број на упатените работници;
10) рок за реализација на понудата и причини поради кои понудата во целост или делумно не е рализирана.

**10. Евиденции за странските државјани и за лицата без државјанство во Република Македонија**

Член 38

Евиденцијата за странските државјани и за лицата без државјанство кои бараат вработување или се вработени во Република Македонија (во натамошниот текст:странски државјани) води Агенцијата.

Член 39

Евиденцијата за странските државјани кои бараат вработување односно кои се вработени во Република Македонија ги содржат следниве податоци:

1) име, татково име и презиме;
2) матичен број на странски државјани;
3) пол (машки-женски);
4) ден, месец и година на раѓањето;
5) назив на државата и место на раѓањето;
6) државјанство;
7) степен на стручна подготовка и вид на занимање;
8) назив и адреса на работодавачот кај кого е вработен;
9) одобрен престој;
- врз основа на дозвола за привремен престој и
- врз основа на дозвола за постојан престој;
10) датум на засновање на работниот однос и
11) датум на престанок на работниот однос.

Член 40

Заради водење евиденција за странските државјани вработени во Република Македонија, работодавачите доставуваат до Агенцијата:

1) пријава за засновање на работен однос;
2) пријава за промена на податоците во текот на работниот однос и
3) пријава за престанок на работниот однос.

Член 41

Пријавите од членот 40 на овој закон се поднесуваат во рок од осум ден од денот на засновањето на работниот однос, односно од денот на настанувањето на промените, односно од денот на престанокот на работата на странскиот државјанин.

Член 42

Евиденцијата за странскиот државјанин од членот 38 на овој закон почнува да се води од денот на издавањето на одобрението за засновање на работен однос со странски државјанин, а престанува со денот на престанокот на одобрението.

Податоците за странскиот државјанин во евиденцијата што се води според овој закон, претставуваат доверливи податоци и можат да се користат само за цели утврдени со закон.

**11. Евиденција за осигурениците и за осигурените лица од здравственото осигурување**

Член 43

Во евиденцијата за осигурениците и за осигурените лица од здравственото осигурување се внесуваат податоци за осигурениците и осигурените лица според прописите на здравственото осигурување.

Во евиденцијата од ставот 1 на овој член не се внесуваат податоци за државјани на Република Македонија на работа во странство, ако се осигурени кај странски носител на социјално осигурување.

Член 44

Евиденцијата за осигурениците и за осигурените лица од здравственото осигурување се уредува според прописите на здравственото осигурување и содржи:

а) податоци за осигуреникот – носител на правото:
1) име, татково име и презиме;
2) единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ);
3) пол (машки-женски);
4) ден, месец и година на раѓање;
5) живеалиште и адреса (општина, населено место, улица и број и држава);
6) шифра и опис на занимање;
7) степен и вид на завршено образование;
8) степен на стручна подготовка;
9) основа на осигурување и
10) вид на сопственост;
б) податоци за работодавачот:
1) назив на работодавачот;
2) седиште и адреса (општина, населено место, улица и број)
3) шифра и назив на претежната дејност;
4) број на деловниот субјект и
5) единствен даночен број на работодавачот и банка комитент;
в) податоци за осигурените членови на семејството:
1) име и презиме;
2) пол (машки-женски);
3) ден, месец и година на раѓањето;
4) занимање и
5) сродство со осигуреникот и
г) податоци за користење на правата:
1) причина за спреченост, односно отсуство од работа;
2) број на деновите на неспособност, односно на спреченост за работа за кои се прима надомест на плата од средствата на Фондот за здравствено осигурување и
3) исплатен износ на надомест за неспособност, односно спреченост за работа.

Член 45

Евиденцијата за осигурениците и за осигурените лица од здравственото осигурување се води врз основа на пријавување на осигурувањето, односно на одјавување на осигурување и врз основа на известување за неспособност, односно спреченост за работа, според прописите за здравственото осигурување.

**12. Евиденција на членовите на семејството на Државјани на Република Македонија на работа во странство-корисници на здравствената заштита**

Член 46

Во евиденцијата за членови на семејството на државјани на Република Македонија на работа во странство – корисници на здравствена заштита се внесуваат податоци за државјаните на Република Македонија на работа во странство и за членовите на нивните семејства со постојано живеалиште во Република Македонија, кои ги користат правата од здравственото осигурување на товар на странски носител на здравствено осигурување.

Член 47

Евиденцијата од членот 46 на овој закон ги содржи следниве податоци:

а) податоци за осигуреникот:
1) име, татково име и презиме;
2) пол (машки-женски);
3) ден, месец и година на раѓање;
4) живеалиште во Република Македонија  и адреса (место,општина);
5) место и адреса на живеење во странство;
6) назив на државата во која е вработен;
7) назив и адреса на странскиот носител на здравственото осигурување;
8) датум на почетокот на правото на давање;

9) датум на престанокот на правото на давање и
10) причина за престанок на правото на давање;
б) податоци за членовите на семејството на осигурениците со постојано живеалиште во Република Македонија - корисници на правото на здравствена заштита:
1) име, татково има и презиме;
2) пол (машки – женски);
3) ден, месец и година на раѓање;
4) сродство со носителот на правото и
5) живеалиште во Република Македонија и
в) податоци за издадените и за применените исправи во врска со користење на правото.

Член 48

Евиденцијата за членовите на семејството на државјаните на Република Македонија на работа во странство – корисници на здравствена заштита, се води врз основа на исправите утврдени со конвенциите за социјално осигурување и со други меѓународни договори, што странскиот носител на осигурувањето ги доставува до Фондот за здравствено осигурување.

Евиденцијата за членовите на семејство на државјаните на Република Македонија на работа во странство – корисници на здравствена заштита, почнува да се води со денот на приемот на исправите од ставот 1 на овој член, а престанува да се води со денот на престанокот на правото на користење на здравствената заштита.

Податоците за осигуреникот и за членовите на неговото семејство за кои ќе престане да се води евиденцијата од ставот 1 на овој член Фондот за здравствено осигурување ги чува трајно.

**13. Евиденција за корисниците на правата од инвалидското осигурување**

Член 49

Во евиденцијата за корисниците на права од инвалидското осигурување, се внесуваат податоци за работниците инвалиди на трудот кои кај работодавачот остваруваат права врз основа на преостанатата работна способност (распоредување, преквалификација или доквалификација и соодветен паричен надомест) и за работниците кај кои постои изменета работна способност или непосредна опасност од настанување на инвалидност (распоредување).

Евиденцијата од ставот 1 на овој член, покрај податоците утврдени во членот 44 под а) на овој закон, ги содржи и следниве податоци за користењето на правото од ставот 1 на овој член:
1) датум на признавање на правото;
2) датум на почетокот на остварувањето на правото;
3) видови права кои се остваруваат и
4) датум на престанок на правото.

III. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ

Член 50

Водење на евиденциите во областа на трудот, воспоставени со овој закон, се врши со запишување на податоците на картотеки, книги, обрасци, средства за автоматска обработка на податоците и во други средства за водење на евиденција.

Правилникот за водење на евиденциите пропишани со овој закон го донесува органот на државната управа надлежен за работите на трудот, во соработка со Агенцијата.

Во средствата за водење на евиденциите пропишани со овој закон можат да се внесуваат податоци од соодветните евиденции во областа на трудот утврдени од страна на органот на државната управа надлежен за работите на трудот.

Член 51

Запишување на податоците во средствата за водење на евиденциите воспоставени со овој закон, се врши врз основа на јавни исправи, други исправи (пријави, одјави, извештаи и друго) и внатрешната документација на работодавачот.

Ако податоците не можат да се запишат во евиденцијата на начинот утврден во ставот 1 на овој член, тие се запишуваат врз основа на изјава на лицето чиишто податоци се запишуваат во евиденцијата.

Ако органот што ја води евиденцијата не располага со исправите од ставот 1 на овој член, лицето за кое се води евиденцијата, е должно да ги поднесе тие исправи до органот, односно да даде изјава во смисла на ставот 2 од овој член.

Член 52

За точноста на податоците внесени во пријавата, односно во извештајот од членовите 13, 15, 16, 17 и членот 30 под б) и членовите 40 и 49 на овој закон за внатрешната документација на работодавачот (член 45) е одговорно одговорното лице кај работодавачот.

За точноста на податоците внесени во пријавата од членот 32 под а) точка 3 на овој закон е одговорно лицето кое ја поднесува пријавата.

За точноста на податоците дадени со изјавата е одговорно лицето кое ја дало изјавата.

За точноста на податоците запишани во евиденцијата е одговорен работникот определен за водење на евиденцијата.

Член 53

Методолошките принципи за водење на евиденциите во областа на трудот, ги утврдува органот на државната управа надлежен за работите на трудот, по прибавено мислење од Државниот завод за статистика и од органите надлежни за работи на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување.

Член 54

Збирен извештај со податоци од евиденцијата за понудите на странски работодавачи за вработување на државјани на Република Макеоднија во странство, Агенцијата на барање ги доставува до органот на државната управа надлежен за работите на трудот.

Член 55

Збирен извештај со податоци од евиденцијата за членовите на семејството на државјаните на Република Македонија на работа во странство – корисници на здравствена заштита. Фондот за здравстено осигурување од Македонија на барање, ги доставува до органот на државната управа надлежен за работите на трудот.

IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 56

Глоба во износ од 3.000 до 3.300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на: работодавачот ако не ги води или неуредно ги води евиденциите од членовите 7, 12, 20, 23, 28 и 49 на овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 2.200 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Член 57

Глоба во износ од 300 до 330 евра во денарска противвредност ќе се изрече на самото место за прекршокот на работодавач, ако:
1) во евиденцијата за повреди при работа не ги внесе податоците во рокот пропишан во членот 24 на овој закон;

2) во пропишаниот рок не ја достави пријавата од членовите 16, 31 и 32 под б) и членот 41 на овој закон;

3) во пропишаниот рок не достави пријава и одјава од членовите 16, 31 и 32 под б) точка 2 на овој закон;

4) во пријавата од членовите 13, 31 и 32 под б) и членот 40 на овој закон внесе неточни податоци и

5) податоците не ги запишува на начин пропишан во членот 51 од овој закон.

Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место за прекршокот од ставот 1 точките 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

Покана за плаќање на глобата од ставовите 1 и 2 на овој член на сторителот на прекршокот ќе му врачи инспекторот на трудот на местото на прекршокот.

Член 57-а

Ако инспекторот на трудот утврди дека е сторен прекршок од членовите 56 и 57 на овој закон, е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.

За прекршоците од членовите 56 и 57 на овој Закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 57-б

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот на трудот утврди дека е сторена неправилност од членот 58 став 1 точки 1 и 2 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност, во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или работодавачот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за труд во рок не подолг од осум дена од денот на спровувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе работодавачи.

Доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е срповедена.

Доколку лицето или работодавачот над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот на трудот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неиправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочната комисија, односно надлежниот суд.

Државниот инспекторат за труд, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 58

Глоба во износ од 300 до 330 евра во денарска противвредност ќе му изрече за прекршокот на поединец кој:

1) нема да ја пријави промената на податоците запишани во евиденцијата (членови 11 и 19 став 2);

2) по пат на изјава ќе даде неточни податоци (членови 11, 19 став 2 и 51 став 2 ) и

3) ќе замине на работа во странство, односно кој ќе се врати од работа во странство, а во пропишан рок нема да се пријави во Агенцијата (член 32 под а)).

Глоба во износ од 300 до 330 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член на работникот определен за водење на евиденција кој во евиденцијата ќе запише неточни податоци (член 52 став 4).

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 59
(член 59 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 16/04)

При остварување на правата и обврските од овој закон, во комуникацијата со подрачните единици на органите, ќе се применуваат одредбите од прописот што ќе ги уредува прашањата за употребата на јазиците.

Член 60
(член 60 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 16/04)

Правилникот од членот 50 став 2 на овој закон, ќе се донесе во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на Правилникот од ставот 1 на овој член, ќе продолжи да се применува постојаниот правилник.

Член 61
(член 61 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 16/04)

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен весник на СФРЈ” бр. 17/90 и „Службен весник на Република Македонија” бр. 12/93).

Член 62
(член 8 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 102/08)

Во целиот текст на Законот зборот “работодавец” во кој било род и број се заменува со зборот “работодавач”.

Член 63
(член 9 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 102/08)

Во целиот текст на Законот зборот “Завод” се заменува со зборот “Агенција”.

Член 64
(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 17/11)

Министерството за труд и социјална политка – Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страниците на Министерството за труд и социјална политика и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран кватрален преглед.

Член 65
(член 6 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 17/11)

Подзаконскиот акт предвиден со членот 3 став 2 на овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 66
(член 6 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 166/12)

Правилникот за водење на евиденциите од областа на трудот („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04 и 15/09) ќе се усогласи со овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

**844.**

Врз основа на член 194 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКУПНИНА НА СТАН НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА КОИ НЕ ИМ Е ОБЕЗБЕДЕНО КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕН СТАН

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместокот на трошоците за закупнина на стан на вработените во Армијата на Република Македонија на кои не им е обезбедено користење на службен стан („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/12), членовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

„Член 3

Висината на надоместокот на закупнината за користење на службен стан, во гарнизоните Скопје и Петровец се утврдува во висина на стварните трошоци за закупнина на стан, а најмногу до висината на надоместокот на трошоците за одвоен живот.

Според бројот на членовите на потесното семејство кои живеат во заедничко домаќинство, висината на надоместокот од став 1 на овој член, изнесува и тоа за:
- самец.................................................................. 70%,
- семејно домаќинство од два члена.................. 80%,
- семејно домаќинство од три члена.................. 90%,
- семејно домаќинство од четири или повеќе членови............................................................100%.

Член 4

Висината на надоместокот на закупнината за користење на службен стан во другите гарнизони на Армијата на Република Македонија, е во висина на стварните трошоци за закупнина на стан, а најмногу до 80% од износот на висината на надоместокот на трошоците за одвоен живот.

Според бројот на членовите на потесното семејство кои живеат во заедничко домаќинство, висината на надоместокот од став 1 на овој член, изнесува и тоа за:
- самец..................................................................70%,
- семејно домаќинство од два члена.................. 80%,
- семејно домаќинство од три члена.................. 90%,
- семејно домаќинство од четири или повеќе членови..........................................................100%.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република на Република Македонија“.

Бр.01-1271/1
21 февруари 2013 година
Скопје

Министер за одбрана,
**Таљат Џафери**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

**845.**

Врз основа на член 28 став (7) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 158/2010), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на ден 23.11.2012 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА ПОЕНОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА 2013 ГОДИНА

Член 1

Вредноста на поенот за 2013 година изнесува 384,7634 денари.

Член 2

Поенот определен во членот 1 на оваа одлука се применува при пресметување на надоместокот кој секој од давателите на поштенски услуги е должен да и го плати на Агенцијата за пошти на годишна основа за 2013 година, во висина утврдена со поединечно Решение од директорот.

Член 3

Оваа одлука е составен дел на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2013 година.

Член 4

Оваа Одлука е конечна и стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**Образложение**

Согласно член 28 став (7) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.158/2010) вредноста на поенот Комисијата на Агенцијата, на годишно ниво ја определува со одлука. Во пресметувањето на вредноста на поенот се земаат предвид ставките на трошоците од финансискиот план на Агенцијата за извршување на активностите и задачите дадени во годишната програма за работа на Агенцијата. Одлуката за вредноста на поенот содржи образложение за причините за прифаќање или промена на вредноста на поенот и целите кои се планира да се постигнат на овој начин.

Во Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2013 година, утврдени се приоритетите на Агенцијата преку планирање на конкретни активности и задачи кои Агенцијата ќе ги извршува во наредната 2013 година.

Структурата и висината на планските и стандардните трошоци во Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2013 година и тоа како фиксните така и варијабилните се должи токму на вака испланираните активности на Агенцијата за пошти за 2013 година, интерферирајќи во исто време со надлежностите на Агенцијата, а тие кои во фокусот ја имаат универзалната поштенска услуга и обврските кои за нејзиното обезбедување за давателот на универзална услуга АД Македонска пошта Скопје, ги пропишува Законот.

Финансискиот план за 2013 соодветно и пропорционално ги проектира трошоците за планираните активности кои се рефлектираат на планираните приходи. Па оттука износот на контото 715 приходи од годишен надоместок од даватели на поштенски услуги во Финансискиот план за 2012 година, изнесува 20.000.000,00 денари.

Втората компонента од која зависи висината на вредноста на поенот е вкупниот број на поени на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија.

Имено, согласно член 12 став 1 од Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок („Службен весник на Република Македонија" бр.167/2010) вредноста на поенот се определува откако ќе се утврди вкупниот обем и вкупниот број на поени на поштенскиот пазар во Република Македонија.

Вкупен обем претставува збир од годишниот обем на секој од давателите на поштенски услуги.

Годишниот обем на секој од давателите, носители на Општо овластување или Стандардна дозвола, кој ќе се применува при пресметување на надоместокот за 2013 година и влијае на определувањето на бројот на поени за обезбедување на поштенски пратки до 2 кг и пакети до 10 кг во внатрешен поштенски сообраќај во границите утврдени со закон, е утврден врз основа на податоците за обемот на поштенски услуги доставени од страна на давателот согласно член 8 од Правилникот, а за давателите на кои за прв пат им е издадено Општо овластување во календарската година обемот е утврден согласно член 9 од Правилникот.

Вкупниот број на поени на пазарот на поштенски услуги претставува збир на бројот на поени за обезбедување на универзална услуга врз основа на индивидуална дозвола и бројот на поени за секој од давателите на поштенски услуги. Бројот на поени за обезбедување на универзална услуга врз основа на индивидуална дозвола изнесува 50.000 поени, без разлика на број на даватели на универзална услуга на територијата на Република Македонија согласно став 6 од член 28 од Законот, додека бројот на поени за секој од давателите на поштенски услуги е утврден врз основа на податоците за видот на поштенските услуги и географското подрачје за кои е издадено Општо овластување или Стандардна дозвола, согласно член 5 од Правилникот, а во врска со член 90 став 2 од Законот.

Вкупниот број на поени на пазарот на поштенски услуги изнесува 51.980 поени.

Структурата на вкупниот број на поени на пазарот на поштенски услуги е следната: АД Македонска пошта Скопје 50.000 поени, Глобко логистик Скопје 160 поени, Карго Експрес Битола 145 поени, ДХЛ Експрес Македонија Скопје 145 поени, ИН ТИМЕ МК БПС Скопје 145 поени, ТНТ Експрес Македонија 115 поени, РСЕ Оптима Вите Скопје 115 поени, Спиди Дидивери Скопје 160 поени, ДРД Курир Скопје 60 поени, Деливеримен Скопје 115 поени, Скопје Велосипедист Скопје 115 поени, ДелЦО Скопје 120 поени, Визард Деливери Скопје 60 поени, Брза Пратка Скопје 145 поени, Бајк Еспрес Диливери Скопје 50 поени, Жијани Торпедо Прилеп 90 поени, Сторм Макс Скопје 120 поени, Јокам Пошта 2011 Дебарца 30 поени, Моја Пошта Скопје 60 поени и Мерџаноски ТП Тетово 30 поени.

Согласно член 12 став 2 од Правилникот, вредноста на поенот се пресметува на начин што износот на контото 715 – приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги од Финансискиот план на Агенцијата се дели со вкупниот број на поени на поштенскиот пазар во Република Македонија.

Вредноста на поенот определена во диспозитивот на оваа Одлука, ќе се користи при пресметување на годишниот надоместок за 2013 година за секој од давателите на поштенски услуги, а со цел покривање на трошоците за целосна реализација на планираните активности во Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2013 година.

Поради сето напред наведено, Комисијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, а врз основа на член 16 став 1 алинеја 5 од Законот за поштенските услуги.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-230/11 | Агенција за пошти |
| 23 ноември 2012 година | Комисија |
| Скопје | Претседател, |
| | **Љупчо Мешков**, с.р. |

**846.**

Врз основа на член 32 став 3 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на ден 31.1.2013 година, донесе

## МЕТОДОЛОГИЈА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕТО ТРОШОЦИТЕ НА ДАВАТЕЛОТ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ПРЕСМЕТУВАЊЕ

Член 1
**Предмет**

Со оваа Методологија се утврдува структурата на потребните финансиски информации и начинот на пресметување на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга што претставува основа за плаќање на надоместокот за обезбедување на универзалната услуга.

Член 2
**Поими**

Одделни поими употребени во оваа Методологија го имаат следното значење:

1) Трошок за обезбедување на универзалната услуга претставува секој трошок кој е неопходен за обезбедување на универзалната услуга.

2) Нематеријални предности од обезбедување на универзалната услуга претставуваат бенефиции кои не можат директно да се измерат, туку се проценуваат. Нематеријалните предности претставуваат придобивки кои давателот на универзалната услуга ги добива како резултат на: препознатлив бренд на пазарот, присуство на цела територија на земјата, придобивки од високото учество на пазарот на поштенски услуги, маркетинг предности, пристап до базата на големи корисници, опсегот на поштенски услуги кој се обезбедува, ексклузивното право за издавање на поштенски марки, продажба на поштенски марки и слично.

3) Материјални предности од обезбедување на универзалната услуга претставуваат придобивки за давателот на универзалната услуга кои можат да се измерат како резултат од обезбедување на универзалната услуга на одредена географска област што може да допринесе за намалување на трошоците или за зголемување на приходите.

4) Симулација на обезбедување на универзалната услуга претставува хипотетичка проекција на условите кога давателот на универзалната услуга би обезбедувал поштенски услуги без пропишани обврски од универзалната услуга.

Останатите изрази кои се користат во оваа Методологија го имаат истото значење како во Законот за поштенските услуги и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон.

Член 3
**Нето трошоци**

1) Нето трошоците за универзалната услуга се пресметуваат како разлика меѓу трошоците на давателот на универзалната услуга за обезбедување на универзалната услуга заедно со пропишаните обврски и трошоците на давателот за обезбедување на универзалната услуга без пропишаните обврски.

2) Давателот на универзалната услуга треба да ги пресмета и прикаже нето трошоците поодделно за секој вид на поштенски услуги во пакетот на универзалната услуга кој ги обезбедува.

3) Давателот на универзалната услуга е должен да достави детални информации и податоци преку кои ќе докаже дека нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга се финансиски неправедно оптоварени.

Член 4
**Симулација на обезбедување на универзалната услуга без пропишани обврски**

1) Давателот на универзална услуга треба да подготви симулација во услови на обезбедување на универзалната услуга без пропишаните обврски.

2) При подготвувањето на симулацијата за обезбедување на универзалната услуга без пропишаните обврски, давателот на универзалната услуга треба да изврши симулација во рамките на одреден сегмент на пазарот и на географско подрачје каде обврските од универзалната услуга нема да се имплементираат. Како обврски од универзалната услуга кои нема да се имплементираат при подготвување на симулацијата се:

- Број на денови за достава во текот на неделата,
- Потребно време за достава,
- Прифатливи и единствени цени на универзалната услуга,
- Критериуми и густина на точки за пристап.

3) Давателот на универзалната услуга треба да обезбеди податоци за сегментацијата на пазарот на одредена географска област за група на корисници која е непрофитабилна за давателот и на кои универзалната услуга нема да им биде загарантирана.

4) Обврската за денови за достава од став 2 алинеја 1 од овој член, претставува денови кои давателот на универзалната услуга ги зема во симулацијата без обврската пропишана за доставување на поштенските пратки од универзалната услуга.

5) Потребно време за достава од став 2 алинеја 2 од овој член, претставува определено време потребно за пренос на поштенските пратки кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга во симулацијата, без почитување на пропишано или декларирано време за обезбедување на универзалната услуга.

6) При симулацијата, давателот применува цени без да ги примени обврските за прифатливи и единствени цени за универзалната услуга.

7) При симулацијата, давателот применува распоред на точките за пристап без да ги земе во предвид критериумите и густината на точките за пристап пропишани како неопходни за обезбедување на универзалната услуга.

Член 5
**Пресметување на нето трошоците**

1) При пресметување на нето трошоците давателот на универзалната услуга пресметува најмали трошоци за обезбедување на универзалната услуга со минимален квалитет како обврска од обезбедување на универзалната услуга.

2) Во симулацијата за обезбедување на универзалната услуга давателот на универзалната услуга е должен, на одредена дефинирана географска област, да го пресмета приходот кој произлегува од обезбедување на пакетот на поштенски услуги во рамките на универзалната услуга, како и другите приходи кои се остваруваат на тоа подрачје.

3) Во симулацијата давателот на универзалната услуга треба да ги пресмета материјалните и нематеријалните придобивки од обезбедувањето на универзалната услуга на определеното географско подрачје, кои се јавуваат како резултат на:

- Обезбедување на пакет на поштенски услуги во рамките на универзалната услуга на одредено подрачје на кое не се остварува профит допринесува до зголемување на профитот од обезбедување на поштенски услуги на други географски подрачја на кои остварениот приход е поголем од нето трошоците.
- Необезбедувањето на пакетот на поштенски услуги во рамките на универзалната услуга на одредено географско подрачје може да допринесе до зголемување на цените на другите поштенски услуги, односно обезбедувањето на овие услуги би било неекономично.

4) Пресметувањето на нето трошоците давателот на универзалната услуга треба да го направи на објективен, пропорционален, транспарентен и недискриминирачки начин.

Член 6
**Посебни групи на корисници**

1) Трошоците за поштенски пратки за слепи лица и лица со оштетен вид кои давателот на универзалната услуга ги обезбедува бесплатно не се вклучуваат во пресметките на трошоците за универзалната услуга.

2) Трошоците за поштенските пратки за слепи лица и лица со оштетен вид ќе бидат пресметани како нето трошоци по одбивањето на материјалните или нематеријалните предности.

Член 7
**Остварување на правото за надомест на трошоци за обезбедување на универзална услуга**

1) Давателот на универзалната услуга кој сака да го оствари правото за надомест на трошоците за обезбедување на универзалната услуга до Агенцијата за пошти треба заедно со барањето да приложи:

- пресметка за нето трошоци за универзалната услуга и изработена симулација за обезбедување на универзалната услуга без пропишаните обврски,
- Финансиски извештаи и други финансиски информации базирани на ревидираниот финансиски извештај за претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година.

2) Доколку Агенцијата за пошти утврди одредени недостатоци при пресметувањето на нето трошоци и несоодветен избор на варијабли и претпоставки при симулацијата, од страна на давателот на универзалната услуга, може да побара од давателот на универзалната услуга да изврши соодветни усогласувања, промени или корекции на пресметката.

Член 8

Оваа Методологија влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 09-49/5 | Агенција за пошти |
| 31 јануари 2013 година | Комисија |
| Скопје | Претседател, |
| | **Љупчо Мешков**, с.р. |

---

**847.**

Врз основа на член 28 став 8 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на РМ" бр. 158/2010), Комисијата на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на ден 5.11.2012 година, го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПОЕНИ И НА ВРЕДНОСТА НА ПОЕНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ВРЗ ОСНОВА НА ОПШТО ОВЛАСТУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за обезбедување на поштенски услуги врз основа на општо овластување („Службен весник на Република Македонија " бр. 167/2010), во членот 8 став 2 зборовите: „30.07" се заменуваат со зборовите: „01.07".

Член 2

Членот 9 се менува и гласи: „При пресметување на надоместокот за календарската година во која на давателот за прв пат му е издадено Општо овластување, како и за календарската година која следи по годината во која давателот работел помалку од шест месеци континуирано, годишниот обем на давателот ќе се смета дека изнесува до 50.000 за поштенски пратки до 2 кг, односно до 5.000 за пакети до 10 кг.“

Член 3

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-223/6
5 ноември 2012 година
Скопје

Агенција за пошти
Комисија
Претседател,
**Љупчо Мешков**, с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**848.**

Врз основа на членовите 202 и 222, а во врска со член 145 од од Законот за супервизија на осигурување-пречистен текст („Службен весник на Република Македонија” бр. 30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 („Службен весник на РМ” бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 („Службен весник на РМ” бр. 60/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 („Службен весник на РМ” бр. 64/2012), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ**

1. Се издава дозвола за вршење на осигурително брокерски работи на Осигурителното брокерско друштво АСУЦ БРОКЕР АД, Скопје со седиште на Бул. Едвард Кардељ бр. 26Б, Скопје при што како основач се пријавува правното лице Автосообраќаеен училиштен центар „Боро Петрушевски” Скопје со адреса на Бул. Едвард Кардељ бр. 26Б, Скопје.

2. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение ќе врши исклучиво осигурително брокерски работи.

3. Осигурително брокерското друштво од точка 1 на ова Решение е должно да склучи договор за осигурување од професионална одговорност со кој ќе ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за посредување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен случај не смее да биде помал од 250.000 ЕВРА ( двесте и педесет илјади евра) и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 ЕВРА ( петстотини илјади евра), веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучување на договорот за осигурување.

4. Осигурително брокерското друштво од точка 1 од ова решение, за вршење на осигурително брокерски работи е должно да вработи најмалку двајца осигурителни брокери, веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на пријавување на работниците во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

5. Уписот во Централниот Регистар на Република Македонија, да се изврши по приложен доказ за уплатени парични средства во износ од 50.000 ЕВРА ( педесет илјади евра) во денарска противвредност на име на основачки капитал на Друштвото, на сметка кај носител на платен промет во Република Македонија.

6. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија” и истото ќе се запише во регистарот на осигурителни брокерски друштва што го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. УП 07-1-111
5 февруари 2013 година
Скопје

Претседател
на Совет на експерти,
д-р **Климе Попоски**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2013031